**П Р Е Д Л О Г**

# О Д Л У К А

**за именување на нов член и повторно именување на членови**

**на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје**

Врз основа на член 29 став 1 точка 8 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на ден 16.07.2024 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за именување на нов член и повторно именување на членови на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје**

1. Со оваа Одлука, Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, ја именува Габриела Шмол за нов член на Надзорниот одбор на Банката.
2. Со оваа Одлука, Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје повторно ги именува за членови на Надзорниот Одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје:
    1. Георг Бухер;
    2. Валбурга Зајдл;
    3. Славиша Којиќ;
    4. Глигор Бишев;
    5. Горан Петревски за независен член
    6. Татјана Шишковска за независен член
3. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор од точка 1 и точка 2 на оваа Одлука се утврдува на 4 (четири) години, согласно Статутот на Банката.
4. На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на акционери на Банката.
5. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија, но не порано од 16.11.2024 година.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**кон Одлуката за именување на нов член и повторно именување на членови на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје**

Согласно Статутот и Законот за банки, Надзорниот одбор е орган на Банката. Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката со одлука која стапува на сила по добивање на согласност од Народната банка.

Согласно Статутот на Банката, за предложените кандидати за членови на Надзорниот одбор се гласа јавно, а одлуката се смета за донесена ако за неа се изјасниле повеќе од половина од присутните – претставени акционери на седницата на Собранието на Банката.

Законот за банките, Статутот и интерните акти на Шпаркасе Банка ги дефинираат критериумите за соодветност на членовите на Надзорниот одбор. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор на Банката мора да бидат независни членови, исполнувајќи ги законските критериуми за независност. Согласно Статутот на Банката, Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена.

Имајќи во предвид дека мандатот на постоечките членови на Надзорен одбор истекува на 16.11.2024 година, како и поднесената оставка од функцијата Член на НО од Ханс Лудвиг Диксер со важност на 30.06.2024 година, отпочната е постапка за именување на нов член и повторно именување на членови на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје. Се предлага именување на Габриела Шмол за нов член на НО, како и повторно именување на Георг Бухер, Валбурга Зајдл, Славиша Којиќ, Глигор Бишев, Горан Петревски и Татјана Шишковска за членови на НО.

Кандидатите за членови се позитивно оценети од страна на Комисијата за наградување и именување и од страна на Надзорниот одбор, како од индивидуален аспект, така и од колективен аспект на Одборот во целост. Имајќи ги во предвид нивните професионални искуства, оценети се како соодветни кандидати за членови на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје. Во согласност со Статутот на Банката, мандатот за нивното именување за членови на НО се предлага да трае 4 (четири) години.